## за објавување на Одлуката за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во КО Дихово (КП бр.1029 и КП 1117/2) во идна урбанистичко планска документација

Се објавува Одлуката за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во **КО Дихово (КП бр.1029 и КП 1117/2)** во идна урбанистичко планска документација, донесена на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 31.05.2023 година.

Бр. 08-603/58 ГРАДОНАЧАЛНИК
01.06.2023 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Тони Коњановски

Врз основа на член 10 став 4 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен Весник на РМ“ бр.23/11...174/21), член 2 став 2 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Службен Весник на РМ“ бр.56/11...217/15) и член 70 од Статутот на Општина Битола („Службен Гласник на Општина Битола“ бр.10/05, 17/08, 8/19, 14/20, 19/20 и 5/21) Советот на Општина Битола на седницата одржана на 31.05.2023 година ја донесе следната

## О Д Л У К А
## за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во КО Дихово (КП бр.1029 и КП 1117/2) во идна урбанистичко планска документација

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува потреба од донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти во идна урбанистичко планска документација:

1. УП1 бр.27-279/2018, **КП бр.1029 КО Дихово** згр.бр.1 (А1-1), згр.бр.2 (А5-4) и **КП**

**бр.1117/2 КО Дихово** згр.бр.1 (А5-4) (**Котевски Владо**)

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила *со објавувањето* во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-55/60 ПРЕТСЕДАТЕЛ
31.05.2023 г. на Советот на Општината
Битола Габриела Илиевска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола”бр.10/05, 17/08, 8/19, 14/20, 19/20 и 5/21), Градоначалникот на Општина Битола, донесува

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување на Програма за измена на Програмата за Развојни планови на Општина Битола за периодот од 2023-2025 година**

Се објавува Програма за измена на Програмата за Развојни планови на Општина Битола за периодот од 2023-2025 година, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на ден 31.05.2023 година.

Бр. 08-603/59 ГРАДОНАЧАЛНИК
01.06.2023 год. на Општината Битола,
Битола Тони Коњановски

Врз основа на член 21 и член 29 од Законот за буџетите („Службен весник на РМ“ бр.64/05, 04/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12 и 192/15) и член 70 од Статутот на Општина Битола („Службен гласник на Општина Битола“бр.10/05, 17/08, 8/19, 14/20, 19/20 и 5/21), Советот на Општината Битола, на седницата одржана на 31.05.2023 година, донесе

**ПРОГРАМА**
**за измена на Програмата за Развојни планови на Општина Битола за периодот од 2023-2025 година**

1. Во Програмата за Развојни планови на Општина Битола за периодот од 2023 до 2025 се вршат измени во Планираните расходи на Развојни програми по години од 2023 до 2025 година и истите гласат:

Програмата започнува со реализација во 2023 г., а плановите опфатени со неа имат рок за реализирање во наредните 3 години, поточно заклучно со 2025 година. Планираните средства на оваа тригодишна развојна програма изнесуваат **850.396.749,00 денари** .(Прилог 1- составен дел на оваа програма)

Средствата во висина од **216.150.605,00 денари** се определени од буџетот на Општина Битола за 2023год. и се распределуваат на начин како што претходно потенциравме во Прилог 1.

Средствата во висина од **444.625.571,00 денари** се определени од буџетот на Општина Битола за 2024год. и се распределуваат на начин како што претходно потенциравме во Прилог 1.

Средствата во висина од **189.620.573,00 денари** се определени од буџетот на Општина Битола за 2025год. и се распределуваат на начин како што претходно потенциравме во Прилог 1.

Дел од планираните средства во КАМ програмата за Културно творештво и манифестации (Капитални трошоци) од 2023год. **(Партерно уредување на Офицерски дом)** во износ од 1.000.000,00 денари заради начинот на плаќање се префрлаат во 2024год. со што вредноста за реализација во 2023година ќе изнесува 16.974.282,00денари а во 2024 година 1.000.000,00денари.

Во Буџетската програмата JL - Изградба на други објекти, под реден број 38 се додава нова развојна програма JLJ - **Употреба и одржување на линиски инфраструктурен проект на поплочен простор со одводнување и осветлување** и средствата за реализација на истата се распределени со 1.000.000,00денари во 2023година и 6.000.000,00денари во 2024година

Динамиката на реализацијата на целата програма , со утврдување на приоритет за реализација ја утврдува Градоначалникот и Комисијата за јавни и комунални дејности, а ја реализира Одделението за комунални дејности и уредување на градежното земјиште при Секторот за урбанизам, просторно планирање и заштита на животната средина,

комуналните дејности и уредување на градежното земјиште на Општина Битола.

ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

За спроведување на оваа програма се грижи Градоначалникот, Комисијата за јавни и комунални дејности и Одделението за комунални дејности и уредување на градежното земјиште при Секторот за урбанизам, просторно планирање и заштита на животната средина, комуналните дејности и уредување на градежното земјиште на Општина Битола.

Оваа Програма влегува во сила *со објавувањето* во „Службен гласник на Општината Битола"., а ќе се применува до крајот на наредната годината, односно до донесување на наредната Програма за Развојни планови.

Бр.09-55/61 ПРЕТСЕДАТЕЛ
31.05.2023 г. на Советот на Општината
Б и т о л а Габриела Илиевска

ПРИЛОГ 1

ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ НА РАЗВОЈНИ ПРОГРАМИ ПО ГОДИНИ
од 2023 до 2025година

| Ред. бр. | Име на буџетска про-грама | Име на развојна про-грама | Планирани работи за изведување | Износ за 2023 во ден | Износ за 2024 во ден | Износ за 2025 во ден |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | JD | | Изградба и реконструкција на улици и локални патишта | | | |
| 1 | | JDA | Реконструкција на коловоз на дел од улица „Довлеџик" | 703.000,00 | 0,00 | 0,00 |
| 2 | | JDK | Реконструкција на коловоз на улица „Булевар 1-ви Мај" | 7.062.267,00 | 0,00 | 0,00 |
| 3 | | JDE | Изградба на коловоз на дел од улица „Крушевска Република" | 12.829.250,00 | 0,00 | 0,00 |
| 4 | | JDF | Реконстукција на коловоз на улица „Македонска Фаланга" | 5.095.460,00 | 0,00 | 0,00 |
| 5 | | JDJ | Реконструкција на коловоз на улица „7-ми Јули" | 4.000.000,00 | 0,00 | 0,00 |
| 6 | | JDP | Реконструкција на коловоз на улица „Наум Наумовски Борче" | 4.417.026,00 | 0,00 | 0,00 |
| 7 | | JDT | Изградба коловоз на улица „СТУ1" во АРМ Четврт 1 | 4.228.240,00 | 0,00 | 0,00 |
| 8 | | JDD | Изградба на коловоз на улица „СРУ5" во АРМ Четврт1 | 4.583.797,00 | 0,00 | 0,00 |
| 9 | | JDS | Реконструкција на коловоз на улица „Стив Наумов" | 3.000.000,00 | 12.000.000,00 | 4.407.373,00 |
| 10 | | JDN | Реконструкција на паркинг простор кај спортска сала „Боро Чурлевски" | 1.000.000,00 | 17.305.355,00 | 0,00 |
| 11 | | JDZ | Реконструкција на коловоз на улица „Бурса" | 100.000,00 | 26.373.785,00 | 25.000.000,00 |
| 12 | | JDL | Реконструкција на коловоз на улица „Солунска" II фаза | 1.000.000,00 | 13.342.497,00 | 0,00 |
| 13 | | JDU | Изградба на улична мрежа во с.Егри и с.Лажец | 1.000.000,00 | 6.727.503,00 | 0,00 |
| 14 | | JDO | Изградба на улична мрежа во с.Оптичари | 1.000.000,00 | 4.658.000,00 | 0,00 |
| 15 | | JDC | Изградба на улична мрежа во с. Д.Оризари | 1.000.000,00 | 11.250.000,00 | 0,00 |
| 16 | | JDDz | Изградба на улична мрежа во нас. Место Г.Оризари | 1.000.000,00 | 19.000.000,00 | 0,00 |
| 17 | | JDH | Реконструкција на улицата покрај Св. Неделските гробишта | 1.000.000,00 | 21.302.000,00 | 0,00 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 18 | | JDW | Реконструкција на локален пат с. Трново до граница на НП Пелистер | 1.000.000,00 | 9.000.000,00 | 0,00 |
| | | | | | | |
| | KA | | Културно творештво и манифестации (капитални трошоци) | | | |
| 19 | | KAM | Партерено уредување околу Офицерски дом | 16.974.282,00 | 1.000.000,00 | 0,00 |
| 20 | | KAR | Набавка, транспорт и монтажа на канделабри | 5.025.718,00 | 0,00 | 0,00 |
| | | | | | | |
| | LA | | Спорт и рекреација (Капитални трошоци) | | | |
| 21 | | LAA | Реконструкција на други објекти | 34.618.332,00 | 0,00 | 0,00 |
| 22 | | LAB | Изградба на мултифункционален спортски комплекс | 500.000,00 | 105.650.000,00 | 78.350.000,00 |
| 23 | | LAT | Поставување на урбана опрема за спортско рекреативни активности, потег Тумбе Кафе од делот кај ЗОО | 5.000.000,00 | 6.596.320,00 | 0,00 |
| | | | | | | |
| | GD | | Енергетика | | | |
| 24 | | GDA | Гасификација на Општина Битола | 0,00 | 58.000.000,00 | 71.863.200,00 |
| | | | | | | |
| | VA | | Изградба на други објекти (Социјална заштита и заштита на деца) | | | |
| 25 | | VAA | Изградба на детска градинка во АРМ | 19.839.407,00 | 40.000.000,00 | 0,00 |
| | | | | | | |
| | JI | | Изградба и реконструкција на системи за одведување и прочистување на отпадни води | | | |
| 26 | | JIN | Реконструкција на канализациона мрежа на улица „Стив Наумов“ | 3.000.000,00 | 8.851.043,00 | 5.000.000,00 |
| 27 | | JIR | Реконструкција на канализациона мрежа на улица „Солунска“ II фаза | 1.000.000,00 | 9.841.162,00 | 0,00 |
| 28 | | JIE | Реконструкција на канализациона мрежа на улици во населба „Недопирливи“ | 1.000.000,00 | 9.654.334,00 | 0,00 |
| 29 | | JIP | Изведба на канализаци. колектор и градба за прочистување на отпадни води во НП „Пелистер“ | 2.000.000,00 | 5.705.673,00 | 0,00 |
| | | | | | | |
| | JG | | Изградба и реконструкција на системи за водоснабдување | | | |
| 30 | | JGM | Реконструкција на водоводна мрежа на ул„Булевар 1-ви Мај“ | 2.937.733,00 | 0,00 | 0,00 |
| 31 | | JGN | Реконструкција на водоводна мрежа на ул„Стив Наумов“ | 3.000.000,00 | 7.000.000,00 | 5.000.000,00 |
| 32 | | JGS | Изградба на водоснабдителен систем од граница на ГУП до с. Брусник | 1.500.000,00 | 5.000.000,00 | 0,00 |
| 33 | | JGB | Реконструкција на водоводна мрежа на улица „Солунска“ II фаза | 1.000.000,00 | 2.445.260,00 | 0,00 |
| 34 | | JGV | Реконструкција на водоводна мрежа на улици во населба „Недопирливи“ | 1.000.000,00 | 9.322.639,00 | 0,00 |
| | | | | | | |
| | WA | | Изградба на други објекти (Противпожарна заштита) | | | |
| 35 | | WAA | Изградба на објект на противпожарна единица во АРМ | 2.150.000,00 | 28.600.000,00 | 0,00 |
| | | | | | | |
| | JL | | Изградба на други објекти | | | |
| 36 | | JLA | Изградба на парк | 14.000.000,00 | 0,00 | 0,00 |
| 37 | | JLB | Адаптација на објект за ветеринарна заштита – прифатилиште за кучиња | 46.586.092,00 | 0,00 | 0,00 |
| 38 | | JL J | Употреба и одржување за ЛИП на поплочен простор со одводнување и осветлување | 1.000.000,00 | 6.000.000,00 | |
| | | | | | | |
| | | | Вкупно по години: | 216.150.605,00 | 444.625.571,00 | 189.620.573,00 |
| | | | Сé вкупно: | 850.396.749,00 | | |

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола”бр.10/05, 17/08, 8/19, 14/20, 19/20 и 5/21), Градоначалникот на Општина Битола, донесува

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Програма за измена и дополнување на Програмата за финансирање и изработка на Урбанистички планови на подрачјето на Општина Битола за 2023 година

Се објавува Програма за измена и дополнување на Програмата за финансирање и изработка на Урбанистички планови на подрачјето на Општина Битола за 2023 година, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 31.05.2023 година.

Бр. 08-603/60 ГРАДОНАЧАЛНИК
01.06.2023 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Тони Коњановски

Врз основа на член 39 и 40 од Законот за урбанистичко планирање („ Службен весник на РСМ’’ бр. 32/20), член 22, став 1 точка 1 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Р.М.“ бр.5/02) и член 70 од Статутот на Општина Битола („Службен гласник на Општина Битола“ бр.10/05, 17/08, 8/19, 14/20, 19/20 и 5/21), Советот на Општината Битола на седницата одржана на ден 31.05.2023 година, донесе

## П Р О Г Р А М А
## за измена и дополнување на Програмата за финансирање и изработка на Урбанистички планови на подрачјето на Општина Битола за 2023 година

Во Програмата за финансирање на изработка на Урбанистички планови на подрачјето на Општина Битола за 2023 година се врши измена и дополнување и тоа:

Во **точка 2**, со следните точки поединечно:

**2.20** ДУП за четврт Север 8 блок С.08.03 (ДУП за „Северна станбена зона Баир“)
**2.21** ДУП за четврт Север 9 блок С.09.03 (ДУПI за , Северна станбена зона Бар“)
**2.22** ДУП за четврт Север 8 блок С.08.04 (ДУП за „Северна станбена зона Баир“)

Во **точка 6**, со следните точки поединечно:

**6.25** УП за линиска инфраструктурна градба за водоводна инфраструктура во населба „Воденици“, Буковски ливади, Битола (КО Битола 1/2, Буково, Крстоар), Општина Битола;
**6.26** УП за линиска инфраструктурна градба – сообраќајна и комунална инфраструктура на потег Горно Оризари - село Крклино, Општина Битола;

Од заинтересирани физички и правни лица, во точка 6, со следните точки поединечно:

**6.27** УП вон опфат на урбанистички план за изградба со намена Е1.8 - нови 10(20) кВ кабелски изводи низ (КО Цапари - вон град), Општина Битола и нова БСТС 10(20)/0,4кВ, 50кВА, Оптина Битола;
**6.28** УП вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со намена: А4.3 (Семејни куќи за времен престој - викенд куќи), на КП 529 м.в. Старо Лавци, КО Лавци, Општина Битола;
**6.29** УП вон опфат на урбанистички план за фомирање на градежна парцела со основна намена Б5.1- хотелски комплекси на КТ 515/1 и КП515/2, КО Магарево, Опшитина Битола;
**6.30** УП вон опфат на урбанистички план за нов 0,4 kV кабелски вод низ село Трново на КП 316 КО Трново и КП 321, КО Трново -вон град, Општина Битола и поставување на нови кабелски разводни ормари и нов мерен разводен ормар;
**6.31** Урбанистички проект за инфраструктура, 10(20)кВ кабелски вод КО Горно Оризари, Оптина Битола;
**6.32** УП вон опфат на урбанистички план за изградба на облект со намена А4.3, КП 560, КО Нижеполе, Општина Битола;

**6.33** УП вон опфат на урбанистички план за изградба на обект со намена А4.3, КП 561, КО Нижеполе, Општина Битола;

Во **точка 7**, со следната точка поединечно:

**7.3** УП со план за парцелација на ГП 26 од ДУП за дел од работна зона фрижидери Битола, Општина Битола;

2. Програмата влегува во сила *наредниот ден* по *објавување* во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-55/62 ПРЕТСЕДАТЕЛ
31.05.2023 г. на Советот на Општината
Б и т о л а Габриела Илиевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола”бр.10/05, 17/08, 8/19, 14/20, 19/20 и 5/21), Градоначалникот на Општина Битола, донесува

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Заклучокот за усвојување Програмата за работа на Територијалната противпожарна единица (ТППЕ) при општина Битола за 2023 година

Се објавува Заклучокот за усвојување Програмата за работа на Територијалната противпожарна единица (ТППЕ) при Општина Битола за 2023 година, донесен на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 31.05.2023 година.

Бр. 08-603/61 ГРАДОНАЧАЛНИК
01.06.2023 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Тони Коњановски

Врз основа на член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05, 17/08, 8/19, 14/20, 19/20 и 5/21), Советот на Општината Битола, на седницата одржана на 31.05.2023 година, донесе

## З А К Л У Ч О К
## за усвојување Програмата за работа на Територијалната противпожарна единица (ТППЕ) при општина Битола за 2023 година

1. СЕ УСВОЈУВА Програмата за работа на Територијалната противпожарна единица (ТППЕ) при општина Битола за 2023 година.

2. Заклучокот влегува во сила *со објавувањето* во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-55/63 ПРЕТСЕДАТЕЛ
31.05.2023 г. на Советот на Општината
Б и т о л а Габриела Илиевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола”бр.10/05, 17/08, 8/19, 14/20, 19/20 и 5/21), Градоначалникот на Општина Битола, донесува

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за утврдување и исплата на надоместок на штета предизвикана од каснувањеод бездомни кучиња на јавни површини на подрачјето на општина Битола

Се објавува Одлуката за утврдување и исплата на надоместок на штета предизвикана од каснување од бездомни кучиња на јавни површини на подрачјето на општина Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 31.05.2023 година.

Бр. 08-603/62 ГРАДОНАЧАЛНИК
01.06.2023 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Тони Коњановски

Врз основа на член 36 и член 22 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и член 70 од Статутот на Општина Битола („Службен гласник на Општина Битола“ бр.10/2005, 17/2008, 8/19, 14/20, 19/20 и 5/21), Советот на Општина Битола на седницата одржана на ден 31.05.2023 година, донесе

## О Д Л У К А
## за утврдување и исплата на надоместок на штета предизвикана од каснување од бездомни кучиња на јавни површини на подрачјето на општина Битола

**Член 1**

Со оваа одлука се утврдува надоместок на материјална и нематеријална штета (во натамошен текст: штета) што го исплаќа Општина Битола на граѓани предизвикана од каснување од бездомни кучиња на јавни површини на подрачјето на општината Битола.

Како бездомно куче во смисла на оваа одлука се смета секое куче кое нема сопственик или држател, лишено од човечка грижа, нега и надзор, затекнато на јавна површина на подрачјето на општина Битола.

Под јавни површини во смисла на оваа одлука се сметаат:

- јавни сообраќајни површини (улици, коловози, тротоари, пешачки и велосипедски патеки, јавни паркиралишта, плоштади, шеталишта, надвозници, подвозници, скалила што поврзуваат јавни сообраќајни површини, мостови, такси стојалишта, стојалишта на јавниот градски превоз и слични површини);
- јавни зелени површини (паркови, паркшуми, дрвореди, живи огради, тревници, цветници, детски игралишта, зелени површини покрај улиците, покрај станбените објекти и покрај јавните објекти, спортско рекреативните површини и други слични површини);
- останати јавни површини (јавни површини во кои не спаѓаат елементите на патот или улицата и не претставуваат јавни зелени површини, а за кои е предвидено озеленување) и
- други површини определени со Одлуката за комунален ред и мерки за нејзино спроведување на подрачјето на општина Битола.

Под каснување од бездомни кучиња се подразбира угриз и нанесени гребаници врз телото на оштетените граѓани.

**Член 2**

Висината на надоместокот од членот 1 став 1 на оваа одлука се утврдува на износ од 50.000,00 (педесет илјади) денари.

Надоместокот од ставот 1 на овој член се исплаќа солидарно во подеднакви износи од по 25.000,00 (дваесет и пет илјади) денари од страна на Општина Битола и ЈП Комуналец, вклучително и тогаш кога Општина Битола истовремено има ангажирано и друго правно лице кое ги исполнува условите за вршење на дејноста, согласно Одлуката за комунален ред и мерки за нејзино спроведување на подрачјето на општина Битола.

Средствата за исплата на надоместокот од ставот 1 на овој член се обезбедуваат од Буџетот на Општина Битола и од средствата на ЈП Комуналец Битола.

**Член 3**

Градоначалникот на Општина Битола со решение формира Комисија за постапување по барања за надоместок на штета предизвикана од каснувања од бездомни кучиња на граѓани на јавните површини на подрачјето на општината Битола (во натамошен текст: Комисија).

Комисијата е составена од три членови и нивни заменици, од кои:

- два члена и нивни заменици од редот на вработените во општинската администрација на Општина Битола и
- еден член и негов заменик од редот на вработените во ЈП Комуналец Битола.

**Член 4**

Постапката за утврдување и исплата на надоместокот на штета започнува со поднесување на барање за надомест на штета настаната од каснување од бездомни кучиња на подрачјето на општина Битола (во понатамошниот текст: барање) од страна на оштетеното лице (во понатамошниот текст: барател).

Кон барањето, барателот треба да достави:

- важечка лична карта или патна исправа на увид, а доколку оштетениот е малолетник, се доставуваат документи од родителот или старателот;
- медицинска документација од здравствена установа за третирање на повредата настаната со каснување од бездомно куче;
- потврда од Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија (полициската станица каде што е пријавен настанот);
- фотографија од повредата;
- изјава од сведоци (ако има);
- копија од трансакциска сметка на барателот;

Барањето и документите од ставот 2 на овој член се доставуваат преку архивата на Општина Битола до Комисијата за постапу-

вање по барања за надоместок на штета предизвикана од каснувања од бездомни кучиња на граѓани на подрачјето на општина Битола.

Тужбеното барање на тужителот за надомест на штета, во судска постапка, се смета за поднесено барање од ставот 1 на овој член, доколку тужителот се согласи да се поведе постапка за утврдување и исплата на надоместокот на штета пред Општина Битола.

Согласноста за поведување на постапката од претходниот став на овој член тужителот ја поднесува писмено.

Постапката од ставот 1 на овој член завршува пред истекот на рокот кога застарува побарувањето на надомест на причинета штета, сметано од денот на настанувањето на повредата предизвикана од каснување од бездомни кучиња, случени на јавните површини на подрачјето на општина Битола.

По истекот на рокот од ставот 6 на овој член, Комисијата нема да постапува по поднесените барања и истите ќе ги одбие со заклучок.

**Член 5**

Врз основа на предлог на Комисијата од членот 4 на оваа одлука, градоначалникот на Општина Битола и директорот на ЈП Комуналец Битола, со подносителот на барањето за надоместок на штета предизвикана од каснувања од бездомни кучиња, ќе склучи спогодба за исплата на соодветниот справедлив износ утврден во членот 2 од оваа одлука.

За барањата за надоместок на штета предизвикана од каснувања од бездомни кучиња поднесени до Општина Битола преку адвокат, Општина Битола и ЈП Комуналец не исплаќаат средства за адвокатски трошоци на барателот направени со поднесеното барање.

**Член 6**

Постапката за утврдување на висината, исплатата и начинот на решавање на барањата од граѓаните за надоместок на штета ќе се применува и на започнати судски постапки против Општина Битола и ЈП Комуналец Битола за надомест на штета предизвикана од каснување на бездомни кучиња, доколку за тоа страните се согласат.

За судските постапки од ставот 1 на овој член кои ќе завршат со склучување на спогодба за исплата на справедлив износ на барателите, Општина Битола и ЈП Комуналец ќе ги исплатат солидарно настанатите трошоци на тужителите во судската постапка се до нејзиното запирање.

**Член 7**

Оваа одлука влегува во сила *со објавувањето* во „Службен гласник на Општината Битола“.

| | |
|---|---|
| Бр.09-55/64 | ПРЕТСЕДАТЕЛ |
| 31.05.2023 г. | на Советот на Општината |
| Б и т о л а | Габриела Илиевска |

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола”бр.10/05, 17/08, 8/19, 14/20, 19/20 и 5/21), Градоначалникот на Општина Битола, донесува

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за давање на финансиски средства на РК Еурофарм Пелистер АД Битола

Се објавува Одлуката за давање на финансиски средства на РК Еурофарм Пелистер АД Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 31.05.2023 година.

| | |
|---|---|
| Бр. 08-603/63 | ГРАДОНАЧАЛНИК |
| 01.06.2023 год. | на Општината Битола, |
| Б и т о л а | Тони Коњановски |

Врз основа член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), член 22 став 1 точка 47 и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општина Битола“ бр.10/05, 17/08, 8/19, 14/20, 19/20 и 5/21), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 31.05.2023 година донесе

## О Д Л У К А
## за давање на финансиски средства на РК Еурофарм Пелистер АД Битола

**Член 1**

Со оваа Одлука се даваат финансиски средства во вид на поддршка и признание за постигнатите високи резултати на РК Еурофарм Пелистер АД Битола во износ од 3.000.000,00 денари.

**Член 2**

Средствата од членот 1 на оваа Одлука ќе бидат исплатени согласно ребалансот на Буџетот на Општина Битола за 2023 година.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила *со објавувањето* во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-55/65
31.05.2023 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината
Габриела Илиевска

# С О Д Р Ж И Н А

З А К Л У Ч О К за не усвојување на Кварталниот Извештај за извршување на Буџетот на Општината Битола за првиот квартал од 2023 година ............ 1

О Д Л У К А за измена и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Битола за 2023 година............ 2

О Д Л У К А за дополнување на Одлуката за утврдување на висината на надоместокот за користење на земјиште во општа употреба за поставена урбана опрема и поставување на урбана опрема за која не може да се наплаќа комунална такса на територија на Општина Битола ............ 3

П Р О Г Р А М А за измени и дополнување на Програмата за економски развој на Општина Битола за 2023 година............ 5

Р Е Ш Е Н И Е за давање согласност на Завршната сметка на Средното општинско училиште „Таки Даскало“ Битола за 2022 година............ 10

Р Е Ш Е Н И Е за давање согласност на Завршната сметка на Средното општинско медицинско училиште „Д-р Јован Калаузи“ Битола за 2022 година............ 10

Р Е Ш Е Н И Е за давање согласност на Завршната сметка на Средното општинско економско училиште „Јане Сандански“ Битола за 2022 година............ 11

Р Е Ш Е Н И Е за давање согласност на Завршната сметка на Средното општинско земјоделско училиште„Кузман Шапкарев“ Битола за............ 11

Р Е Ш Е Н И Е за давање согласност на Завршната сметка на Средното општинско училиште Гимназија „Јосип Броз Тито“ Битола за 2022 година ............ 12

Р Е Ш Е Н И Е за не давање согласност на Завршната сметка на Средното општинско техничко училиште „Ѓорги Наумов“ Битола за 2022 година............ 12

Р Е Ш Е Н И Е за давање согласност на Завршната сметка на ООУ „Тодор Ангелевски“ Битола за 2022 година............ 13

Р Е Ш Е Н И Е за давање согласност на Завршната сметка на ООУ „Коле Канински“ Битола за 2022 година............ 13

Р Е Ш Е Н И Е за давање согласност на Завршната сметка на ООУ „Д-р Трифун Пановски“ Битола за 2022 година............ 14

Р Е Ш Е Н И Е за давање согласност на Завршната сметка на ООУ „Св.Кирил и Методиј“ Битола за 2022 година............ 14

Р Е Ш Е Н И Е за давање согласност на Завршната сметка на ООУ „Крсте Петков Мисирков“ с.Бистрица, Битола за 2022 година ............ 15

Р Е Ш Е Н И Е за давање согласност на Завршната сметка на ООУ „Св. Климент Охридски“ Битола за 2022 година ............ 15

Р Е Ш Е Н И Е за давање согласност на Завршната сметка на ООУ „Елпида Караманди“ Битола за 2022 година ............ 16

Р Е Ш Е Н И Е за давање согласност на Завршната сметка на ООУ „Даме Груев“ Битола за 2022 година ............ 16

Р Е Ш Е Н И Е за давање согласност на Завршната сметка на ООУ „Гоце Делчев“ Битола за 2022 година ............ 17

Р Е Ш Е Н И Е за давање согласност на Завршната сметка на ООУ „Ѓорѓи Сугарев“ Битола за 2022 година ............ 17

Р Е Ш Е Н И Е за давање согласност на Завршната сметка на ООУ „Стив Наумов“ Битола за 2022 година ............ 18

Р Е Ш Е Н И Е за давање согласност на Завршната сметка на Јавната општинска установа за деца - Детска градинка „Мајски Цвет“ Битола за 2022 година ............ 18

Р Е Ш Е Н И Е за давање согласност на Годишниот план за вработување во ООУ „Гоце Делчев“ Битола за 2024 година ............ 19

Р Е Ш Е Н И Е за давање согласност на Годишниот план за вработување во ООУ „Коле Канински“ Битола за 2024 година ............ 19

Р Е Ш Е Н И Е за давање согласност на Годишниот план за вработување во ООУ „Св.Кирил и Методиј“ Битола за 2024 година ............ 20

Р Е Ш Е Н И Е за давање согласност на Годишниот план за вработување во ООУ „Крсте Петков Мисирков“ с. Бистрица, Битола за 2024 година ............ 20

Р Е Ш Е Н И Е за давање согласност на Годишниот план за вработување во ООУ „Д-р Трифун Пановски“ Битола за 2024 година ............ 21

Р Е Ш Е Н И Е за давање согласност на Годишниот план за вработување во ООУ „Ѓорѓи Сугарев“ Битола за 2024 година ............ 21

Р Е Ш Е Н И Е за давање согласност на Годишниот план за вработување во ООУ „Св.Климент Охридски“ Битола за 2024 година............ 22

Р Е Ш Е Н И Е за давање согласност на Годишниот план за вработување во ООУ „Елпида Караманди“ Битола за 2024 година ............ 22

Р Е Ш Е Н И Е за давање на позитивно мислење на Статутарната одлука за дополнување на основен Статут на ООУ„Александар Турунџев“ с. укуречани, Битола ........................................................ 23

О Д Л У К А за збратимување на Општина Битола со Општина Осиек од Република Хрватска .............. 23

О Д Л У К А за давање согласност за склучување на Договор за заедничко вложување, управување и соработка во КК ПЕЛИСТЕР АД Битола.............. 24

О Д Л У К А за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во КО Цапари (КП бр.2545/1) во идна урбанистичко планска документација ......... 25

О Д Л У К А за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во КО Крклино (КП бр.2166) во идна урбанистичко планска документација .............. 25

З А К Л У Ч О К за неусвојување на Одлука за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во КО Карамани (КП бр.458) во идна урбанистичко планска документација ................................................ 26

З А К Л У Ч О К за неусвојување на одлука за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во КО Дихово (КП бр.773/3) во идна урбанистичко планска документација ................................................ 27

О Д Л У К А за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во КО Ротино (КП бр.872/41) во идна урбанистичко планска документација ......... 27

З А К Л У Ч О К за неусвојување на одлука за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во КО Трново (КП бр.669) во идна урбанистичко планска документација ................................................ 28

О Д Л У К А за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во КО Кажани (КП бр.332 и КП бр.330) во идна урбанистичко планска документација............................................................ 29

О Д Л У К А за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во КО Логоварди (КП бр.1223) во идна урбанистичко планска документација ........ 29

З А К Л У Ч О К за неусвојување на одлука за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во КО Дихово (КП бр.778/5) во идна урбанистичко планска документација ............................................. 30

О Д Л У К А за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во КО Логовади (КП бр.1484/1) во идна урбанистичко планска документација ........ 31

О Д Л У К А за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во КО Братиндол (КП бр.922/2) во идна урбанистичко планска документација ........ 32

О Д Л У К А за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во КО Крклино (КП бр.1825/4) во идна урбанистичко планска документација ........ 32

О Д Л У К А за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во КО Дихово (КП бр.1035) во идна урбанистичко планска документација ............. 33

О Д Л У К А за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во КО Логоварди (КП бр.1095) во идна урбанистичко планска документација ........ 34

З А К Л У Ч О К за неусвојување на одлука за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во КО Брусник (КП бр.738) во идна урбанистичко планска документација ............................................. 34

О Д Л У К А за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните

објекти изградени во КО Крстоар (КП бр.741) во идна урбанистичко планска документација .............35

О Д Л У К А за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во КО Маловиште (КП бр.232 и КП бр.800) во идна урбанистичко планска документација.............................................................36

О Д Л У К А за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во КО Олевени (КП бр.22/17 и КП бр.22/18) во идна урбанистичко планска документација.............................................................36

О Д Л У К А за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во КО Олевени (КП бр.113/1) во идна урбанистичко планска документација .........37

О Д Л У К А за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во КО Бистрица (КП бр.1362/4) во идна урбанистичко планска документација .........38

О Д Л У К А за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во КО Крстоар (КП бр.786) во идна урбанистичко планска документација .............39

О Д Л У К А за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во КО Кажани (КП бр.452) во идна урбанистичко планска документација .............39

О Д Л У К А за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во КО Олевени (КП бр.113/2) во идна урбанистичко планска документација ........ 40

О Д Л У К А за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во КО Оптичари (КП бр.1121 и КП бр.1101) во идна урбанистичко планска документација ........................................................... 41

О Д Л У К А за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во КО Дихово (КП бр.1029 и КП 1117/2) во идна урбанистичко планска документација ........................................................... 41

ПРОГРАМА за измена на Програмата за Развојни планови на Општина Битола за периодот од 2023-2025 година ................................................................ 42

П Р О Г Р А М А за измена и дополнување на Програмата за финансирање и изработка на Урбанистички планови на подрачјето на Општина Битола за 2023 година ................................................ 45

З А К Л У Ч О К за усвојување Програмата за работа на Територијалната противпожарна единица (ТППЕ) при општина Битола за 2023 година ........................................................................ 46

О Д Л У К А за утврдување и исплата на надоместок на штета предизвикана од каснување од бездомни кучиња на јавни површини на подрачјето на општина Битола ................................ 46

О Д Л У К А за давање на финансиски средства на РК Еурофарм Пелистер АД Битола .......................... 49

**Издавач: Општина Битола**
**тел. 047 234 234; 047 208 300**

Буџет на Општина Битола
Сметка: 703014002963013 Народна банка на Р.М.
Д.Б. 4002996128471
Приходна Шифра 725211